Томе Трајков



# ВИСТИНАТА ЗА НОСТРАДАМУС

Иако е мртов над 400 години, Нострадамус денес станува многу повеќе популарен отколку кога бил жив. Списанија, филмови, книги и многу други работи добиваат име поврзано со псевдонимот на овој човек.

Толкувачите сметаат дека многу негови симболички пророштва се исполнуваат токму во нашето време. Се смета дека Нострадамус ги предвидел Француската револуција, појавувањето на Наполеон, на Кенеди, двете светски војни и многу други настани. Се тврди дека напишал над 1000 пророштва, од кои барем половината се исполниле.

Пророштвата на Нострадамус Германците ги користеле за да ги уплашат Французите, Американците да ја зајакнат својата национална гордост, сојузниците да го победат Хитлера итн. Значи, судрените страни неговите пророштва ги користеле за постигнување на лични цели.

Животот на Нострадамус бил проткаен со таинствени работи. Дури и како мртов тој влегол во мистериозните легенди. Според една таква легенда, се верувало дека, ако се напиеш вода од неговиот череп, ќе добиеш таинствена сила (способност) да ја предвидуваш иднината. Според друга легенда, оној што ќе го вознемири неговиот гроб, ќе умре. Во една приказна, која послужила за снимање на филм, се зборува дека 200 години по неговата смрт неговиот гроб не бил допрен. Но, еден ден, група крадци се договориле да го откопаат неговиот гроб за да ја проверат таа легенда за здобивање со неговата таинствена способност. Кога го откриле неговиот скелет, биле изненадени! Во приказната понатаму се вели дека на плочката што се наоѓала на неговите гради бил напишан датумот на денот кога бил откопан, мај 1791 година! Таа плочка наводно била поставена таму уште во 1566 година, кога тој бил погребан. Според тоа, би требало да значи дека Нострадамус 200 години порано предвидел кога точно неговиот гроб ќе биде откопан.

Кога еден од крадците ставил пијалак да пие од неговиот череп, одеднаш се слушнал истрел и тој паднал мртов. Куршумот бил испукан во миговите на борбите што се воделе за време на револуцијата...

Дали е тоа случајно или е пророштво?

Кој бил всушност Нострадамус? Од каде му доаѓале тие сознанија настаните да ги предвидува со векови однапред? Од каде таа моќ да лекува неизлечливи болести, како што тврдат неговите застапници? Кој стои зад овој таинствен пророк?

За да одговориме на овие интересни прашања, потребно е да ги запознаеме потеклото, животниот пат и начинот на кој ги добивал тој овие пораки.

## ПОТЕКЛОТО НА НОСТРАДАМУС

Мишел де Нострадамус бил роден во јужна Франција, во Сен Реми на Кро, во покраината Прованс, на 14 јануари 1503 година, во едно еврејско семејство. Францускиот крал Луј XII уште во 1501 година издал закон со кој се повикувале сите Евреи да се покрстат и да станат христијани или да се отселат. За да ја сочува својата писарска служба, татко му на Нострадамус, Жак де Сан Реми, решил да се покрсти и да стане христијанин. Две години подоцна му се родил синот Нострадамус. Тој својот син го крстил во црквата Нотр Дам, според која подоцна и го добил името Нострадамус.

Како припадник на еврејско, а едновремено и на христијанско семејство, Мишел уште од малечки нозе ја проучувал Библијата. Како Евреин, Стариот завет го читал на оригинален, еврејски јазик. Од мајка му ја наследил христијанската (католичката) вера. Освен тоа, тој уште од своето најрано детство бил упатен во кабалата, во Евангелијата и Ведите, а читал и стари книги од своите предци, Евреите. Читал и астролошки книги кои подоцна ќе му помогнат во неговите преткажувања.

Што е тоа кабала? Кабала е еврејска магија која преку бројни вредности на букви и зборови се анализираат библиски текстови. Бидејќи кабалата е поврзана со астрологијата, Мишел се занимавал и со неа. Како христијанин, на располагање му стоеле и списите на Новиот завет во кои се наоѓаат Евангелијата.

Како истражувач на окултните и магиските појави, тој се занимавал и со древните хиндуистички верско-магиски текстови на Ведите (комплетирани околу 900 години пред н.е.). Со тоа тој добил широк увид во сите верски извори. Од сите нив тој зел по нешто во своите пророштва. Неговите списи всушност се мешаница на

тогашните науки, меѓу кои магијата и алхемијата, а од религиите јудаизмот, христијанството и хиндуизмот.

## НЕГОВА ПРВА ВИЗИЈА

Се тврди дека Мишел Нострадамус уште од својата рана младост добивал визии. Една од првите добил во еден католички манастир. Во таа визија се вели дека видел фрањевац како се приближува до еден бунар. Тој дошол до фратарот за да му укаже почит. Клекнал на колена и му го бакнал скутот. Со тоа сакал да му даде на знаење дека тој млад фратар ќе стане папа. И навистина по 60 години фратарот Фелицио Парете станал папа познат како папа Сикст V (1585-1590).

## ОБРАЗОВАНИЕТО НА НОСТРАДАМУС

Дедо му по мајка, Жан де Сен Реми, бил личен лекар на војводата Калабриј, што значи бил образован човек. За време на својот живот тој на својот внук Мишел му пренел големи сознанија од граматиката, логиката, математиката и астрологијата. Нострадамус имал „среќа“ што неговиот дедо и прадедо се занимавале со магија. Целото негово семејство или се занимавало или пак било наклонето кон астрологијата, кон магиите, кон алхемијата, а и кон природните науки - медицината и математиката. На Мишел му биле достапни стари книги во кои тој подробно се запознавал со вражањето и магијата.



Целото негово семејство или се занимавало или пак било наклонето кон астрологијата, кон магиите, кон алхемијата...

По извесно време, Мишел ги напуштил овие работи и се определил да студира медицина, бидејќи во тоа време во Европа пустела чума која го косела народот. Така се запишал на студии во Манпел. Уште како студент тој го привлекувал вниманието на

луѓето кога успеал да пронајде успешен лек против чумата. На 26 години станал професор (1529), но таа професија не му се допаѓала и затоа ја напуштил. Едно време патувал низ Франција и Италија, посетувајќи учени луѓе од кои црпел нови сознанија. Подоцна заминал во Хоген, каде што се оженил и ги добил своите деца. Бил добар сопруг и нежен татко. Тоа можеме да го заклучиме од писмата што му ги праќал на својот син Цезар. Но, за жал, од страшната болест чума не успеал да ја спаси својата сопруга и двете деца кои умреле (1533). Малку е чудно што не успеал да им помогне и ним кога на другите им помагал?! Очигледно, врачањето најчесто помага на други, а малку себеси. Од мигот на смртта на неговите најблиски, неговиот живот наполно се изменил. Тагата и жалоста го натерале да ги бара причините за тоа. Затоа следните десет години тој се повлекол во самотија и се посветил на пишување стихови и пророштва.

## КАКО ГИ ЗАПИШУВАЛ НОСТРАДАМУС СВОИТЕ ВИЗИИ?

Во 1542 година, на 39 години, Нострадамус се преселил во градот Салона, на југот на Франција, каде што почнал да ги пишува своите визии. За да ги зачува своите списи од непријателите, тој своите пророштва ги „облекол“ во таинствени симболизми наречени „кватрени“. Посебно тој се пазел од Римокатоличката црква. Актуелната црква во тоа време во Трент во 1551 година издала декрет со кој најостро се осудува секое отстапување од католицизмот и била разработена стратегија против сите „еретици“, меѓу кои се вбројувал и Нострадамус.

Благодарение на Катарина Медичи, тој ја сочувал својата глава. Всушност бурната ситуација во тоа време не му дозволувала на Нострадамус своите предвидувања да ги пишува директно. Во своите стихови тој, освен француски, употребува латински зборови, нумеролошки ознаки, со цел обичните луѓе да не ги разберат неговите пораки, а за упатените во нумерологијата и кабалата било разбирливо. Со еден збор, Нострадамус е класичен окултист кој се занимава со тајни недостапни за неупатените.

## ДВОРСКИ ЛЕКАР И ПРОРОК

Веќе спомнавме дека Нострадамус студирал медицина, математика, астрономија и дека ја познавал и астрологијата. Посебно го привлекувало проучувањето на ѕвездите, така што во 1550 година добил визија. Во своето дело „Летопис“ тој дава прогноза за цела 1551 година, за секој месец одделно. Од тогаш тој станува познат и почнуваат да го посетуваат заинтересирани посетители од сите страни. За сите заинтересирани тој составувал хороскопи, пишувал алманаси и приготвувал рецепти за одделни болести. Посебно се истакнал со лековите против чумата. Благодарение на тоа, тој станал познат и ценет лекар. Подоцна бил именуван за дворски лекар кај кралицата Катарина Медичи, жена на кралот Андрија II (1559), која била вражарка.

Нострадамус и Катарина добро соработувале. Од историјата дознаваме дека кралицата Катарина, како католик, била одговорна за масовниот колеж и за спалувањето на хугенотите за време на Вартоломејската ноќ на 23/24 август 1572 година во Париз, а подоцна и во цела Франција. Нострадамус имал „убаво друштво“ - жена



убиец на илјадници невини мажи и жени, приврзаник на инквизицијата и на силите на темнината - со својата магија.

Сите свои пророштва Нострадамус ги пишувал во Авињон, освен пророштвото наречено „Центурии“ (векови), кое го напишал во Лион. При пишувањето тој употребувал неразбирливи зборови што не можел секој да ги прочита.

Во пророштвото наречено „Центурии“ се наоѓаат сите негови поголеми предвидувања, како на пример, пророштвата за разни војни, за уништување на градови, појава на тројца антихристи (Наполеон, Хитлер и третиот кој наскоро треба да се појави). Во своето обемно дело тој изнесува пророштва што досегаат до 3797 година. Тој предвидува дека некаде околу 2000 година(!) ќе се случи трета светска војна, атомска војна. Го најавува третиот антихрист кој е веќе роден некаде во Мала Азија, а во јавноста се појавил некаде околу 1980 година, за да стане владар околу 2000 година(!). По него би требало да дојде Исус Христос!... Тоа е само мал дел од неговите предвидувања. Оправдано е прашањето: Од каде на Нострадамус такви откровенија? Дали тој самиот, како што тврди парапсихологијата, имал некоја посебна надареност, способен ум, или некој тоа му го откривал?

## КАКО ГИ ДОБИВАЛ НОСТРАДАМУС СВОИТЕ ПОРАКИ?

Преку утврдените описи и проучувања на неговите дела се доаѓа до заклучок дека Нострадамус, кога ги примал своите пораки, бил во контакт со натприродни сили. Податоците покажуваат дека во животот на Нострадамус се појавувале чудни натприродни феномени. За време на своите визии тој паѓал во транс. Еве една негова изјава што ја пренесува списанието „Хороскоп“, каде што тој вели: „Ноќ! Обземен сум од мојата тајна мисија. Седнувам на железниот триножник. Од самотијата излегува мал пламен кој прераснува во светлина. Потоа не треба да се мисли на ништо.“

Инаку зборот „транс“ всушност претставува состојба во која човекот не е веќе во свесна состојба. Транс може да се предизвика и на вештачки начин со дрога, по пат на хипноза, од премногу силни возбуди или од медитација, но тој може да биде и надвор од човечка

контрола - со натприродно потекло. Секако, Нострадамус се наоѓал во транс предизвикан од натприроден извор со кој комуницирал. Останува прашањето кој е тој извор што му давал такви сознанија?

## ПОТЕКЛОТО НА ПРОРОШТВАТА НА НОСТРАДАМУС

Нострадамус своите пророштва ги нарекол божествени. Еве една негова изјава:

„Бев одушевен со начинот на кој ги бележев преткажувањата. Тука немаше сомневање. Забележав дека сите ја познаваат Божјата моќ. Но големите и светот ќе му припаѓаат на Бога.“

Од оваа негова изјава се насетува магиско барање за сознанието што го нуди окултизмот. Во сите негови правци потеклото на сознанијата му припаѓаат на „бога“. Меѓутоа, да не паднеме во заблуда, Нострадамус не бил библиски учител, туку кабалистички верник. Кабалистите ја читаат Библијата, но ја толкуваат и ја разбираат на еден сосем друг, мистичен начин, кој нема врска со библиската вистина.

Нострадамус своите визии ги добивал на два начина: или седел пред голем оган, каде што како стар јасновидец користел железен триножник за седење, потоа буричкал низ огнот сѐ додека не излетала некоја искра од вжештениот дух, или пак се качувал на покривот од куќата каде што поставувал сад со вода. Во раката држел „палка на желбите“ која му служела како антена и како средство за засилување на неговите визионерски способности гледајќи по ѕвездите...

Садот со вода е многу карактеристичен за магијата кај вражарите и вештерките. Како задолжителен реквизит во нивните магии се користел казан над кој се изговарале волшебни зборови и се фрлале чинии за да се постигне подобар ефект. Веќе спомнавме дека Нострадамус ја познавал магијата како и неговите предци, кои биле вражари.

Во една друга своја изјава Нострадамус вели: „Саканите патишта ги држам во рака и ги пренесувам во желба на бранхус со божествена светлина. Божеството ме поставува под себе, пониско.“ За какво божество се работи? Тоа го „поставува под себе, пониско“. Се чини дека со текот на времето тој ја сфатил суштата вистина, па во една друга пригода изјавил дека „му се открил ’духот на огнот од работ на

пеколот“‘. „Духот на огнот“, кој се претставува така, единствено може да биде ѓаволот, оној кој секогаш нудел натприродни сознанија, кој во сите векови се прикажува како „змија-просветител“ на човештвото.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Ако е тоа вистина, Нострадамус не почувствувал како упаднал во стапица. Неговиот крај и крајот на илјадници слични на него денес ќе биде многу жалосен. И денес мнозина, барајќи натприродни сознанија по пат на магии, гатање или астрологија, не сфаќаат кој всушност стои зад сето тоа! Духот кој му ги откривал сознанијата на Нострадамус ги нуди своите услуги и денес. Но, кога ќе го разбереме неговото вистинско лице, тогаш е веќе доцна! Колку и да е страшна вистината, човекот нема веќе сили да се врати и да продолжи да ги извршува своите нормални животни задачи што стојат пред него. Нема веќе враќање! Затоа, како што ни вели Библијата, со таква работа не треба да се занимаваме ниту од љубопитство (5. Мојсеева 18,10-11).

Понекогаш е многу привлечно и интересно да се дознае таинственото и недостапното, но многу е поважно да се знае од кого тоа потекнува и каде ќе нè одведе.



Понекогаш е многу привлечно и интересно да се дознае таинственото и недостапното, но многу е поважно да се знае од кого тоа потекнува и каде ќе нè одведе.

Треба да знаеме дека знаењето од секогаш скапо се плаќало. Особено окултизмот има преголема цена која често се плаќа со животот. Лагата колку и да изгледа безопасна, најчесто на крај уништува. Од друга страна, знаењето има своја цел и идеја кој стои зад него. Каква филозофија стои зад сите такви пророштва што потекнуваат од пророци кои не се од Бога? Одговорот е едноставен - сето тоа е сатанска филозофија, стара

колку и овој наш свет. Ѓаволот на еден модерен начин се обидува да го спроведе својот пеколен план.

Што се однесува до Нострадамуса и неговите „фантастични пророштва", се прашуваме како конечно да го разбереме неговиот случај? Дали да веруваме во неговите пророштва? Постојат само две можности, две варијанти:

1. Ако земеме во обѕир дека денес во пропагандни цели често се користат лажни извештаи, голема е можноста многу извори, од кои потекнуваат безброј пророштва, всушност да се лажни! Тоа се случува и со многу други важни прашања кога станува збор за судбината на цели народи, а зошто да не, кога може нешто убаво да се изманипулира и среди. Ова го утврдиле стручњаците за култови и натприродни работи. Постои силно верување дека за Нострадамус многу работи се измислени сѐ со цел да му се даде авторитет на натприроден јасновидец.
2. Ако е вистина дека тој добивал натприродни визии, што е реткост во морето на лажните пророци и меѓу оние кои со трикови стекнуваат слава, тогаш вистина е дека тој за време на своите „визии" паѓал во транс со помош на сатаната, инспириран од „духот на огнот". Треба да напоменеме уште еднаш дека Нострадамус своите виденија ги пишувал во стихови наречени „кватрени". Каква опасност се крие во кватрените? Неволјата е во тоа што многу од нив се пишувани без датум и нејасно. Луѓето кои сакаат да веруваат во неговите пророштва ќе најдат причини за тоа, но и оние кои се сомневаат во него можат лесно да го отфрлат.

Библијата ни го дава следново предупредување: *„А вие не слушајте ги вашите пророци и вашите бајачи, вашите јасновидци, вашите маѓепсници и вашите вражачи..."*

(Еремија 27,9; Исаија 8,19).

Денес, кога се занимаваме со астрологија, ние всушност повикуваме некои од митовите и боговите на старите времиња. На тој начин се впуштаме во опасност од која тешко можеме да се извлечеме. Сите ние имаме чувство за иднината. Откровението за иднината носи возбуди и радост. Но, од друга страна, може да донесе страв и грижи! Луѓето сакаат да ја дознаат добрата страна во својот живот, односно дека нив во животот нема да ги следат „лоши работи".

За христијаните кои веруваат во Бога иднината е непозната, но никогаш не е несигурна. Бог нè создал нас и Тој ја знае нашата иднина, на секого поединечно. Тој знае дека ние сме загрижени за иднината и дека копнееме и имаме потреба од сигурност. Затоа со љубов ни нуди надеж за она што е пред нас. *„Мир ви оставам; мирот свој ви го давам; Јас ви го давам не како што ви го дава светот. Да не се плаши срцето ваше, ниту да се бои“* (Јован 14,27).

Има ли нешто подобро од тоа? Бог сака да имаме мир во овој вознемирен свет. Да ги отфрлиме списите на Нострадамус и да не им веруваме на неговите пророштва, бидејќи тие се инспирирани од сатански дух; тие немаат во себе небесна, Божја порака. Да ги отфрлиме сите лажни „пророци“, гатачи, јасновидци, астролози, бајачи, и својот животен пат да го насочиме кон библискиот пат и нашиот живот да го сообразиме со библиските принципи!

**Томе Трајков, теолог**

---

Издава: **АИК „Знаци на времето“, ул. Влае 42 - 1001 Скопје**
За издавачот: **Михајло Гурев**
Одговара: **авторот**

**ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА**
Бесплатен курс за проучување на Библијата по дописен пат




**SMS**
Лекциите можете да ги порачате и преку SMS!
**Како? Лесно!** Вашите податоци (име, презиме и адреса) + кратенката **DBS** (за Дописна Библиска Школа), испратете ги како SMS порака на тел.: **071/569 076**

**ПОРАЧКА**

Име и презиме

Адреса и пошт. број

Ако сакате да ги порачате првите лекции по пошта, ставете ја порачкава во плик и пратете ја на адреса: **„Дописна Библиска Школа“, поштенски фах 215 - 1001 Скопје**